| 4 | | Набавка на опрема | Комерцијална банка | ден | 20.000.000 | *3,88* | 5 г. | 0 г. | 20.000.000 | да | а | 14.08.2018. | | 14.08.2018 | | 1.011.510 | 94.618 | 30,09,2021 | 1.011.510 | 94.618 | 30,09,2021 | | | 12.138.111 | 11.126.601 | ЈП Комуналец |
| 5 | | Изградба на мини хидро централа | ЦК Банка | ден | 22.000.000 | | | | 22.000.000 | да | а | | | | | | 24.591 | 30,09,2021 | | 24.591 | 30,09,2021 | | | 22.000.000 | 22.000.000 | ЈП Комуналец |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Тони Петров , тел. 071-219-572

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/28**
**17.11.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

со намена – Набавка на горива и масла и Одржување на улици и патишта во Зимски услови.

Од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година – се планира распределба на трошоци за:

- Програма Е0 – Општинска администрација позиција,Конто 421410 –Горива и масла (моторни возила) износ од 1.200.000 денари;
- Програма Ј6 –Одржување и заштита на локални патишта ,улици и регулирање на режим на сообраќајот, конто 424320-Одржување на улици и патишта (Зимско одржување) износ од 3.000.000 денари.

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6481/28** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучокот за одобрување на**
**План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за одобрување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети (“Сл.весник на РМ“бр.64/05............151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), член 82 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05.....75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за одобрување на**
**План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОДОБРУВА План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година.

2. Одобрениот План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година е составен дел на предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

3. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,

**Бр.08- 6481/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ” бр. 15/15....190/16 и “Сл.весник на РСМ” бр.279/19), а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 149/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) а во врска со 82 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20, 70/21, 71/21 , 75/21), се врши следната измена и дополнување:

“Во глава VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ

Во табелата за утврдување надоместок за уредување на градежно земјиште по м2 корисна површина што ќе се гради, после 7ма колона, се додава нова колона и тоа :

- За површински соларни и фотоволтаични електрани , намена Е1-13 .
- За зона I , II, и за надвор од ГУП единечната цена на м2 од површина на панел изнесува 100 денари.„

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.”

**Бр.08- 6481/30** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/31** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 7 од Законот на локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2021 година со арх.бр.08-6496/35 од 16.12.2020 („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/21), се врши следната измена и дополнување:

**Во Глава ||.АКТИВНОСТИ , став 2**

-Алинеја 1 - Износот од 1.800.000 денари се заменува со износ од 2.900.000,00 денари;
- Алинеја 2 - Износот од 2.000.000 денари се заменува со износ од 2.100.000,00 денари.
-Во Вкупно-износот од 4.600.000,00 се заменува со износ од 5.000.000,00 денари.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави на „Сл.гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6481/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови**
**за 2021/2022 (зимска служба)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022

(зимска служба), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/32**
**17.11.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ бр.5/02"), а во врска со член 34 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр. 84/08....163/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005 ....., 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А

## за изменување и дополнување на Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (зимска служба)

### Член 1

Во Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2021/2022 (зимска служба) со арх.бр.08-5740/22 од 29.09.2021 година („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр. 81/2021), се врши следната измена и дополнување:

**„Во Глава 2**

**- точка 2.3 Надзорен орган –**

став 2, алинеа 2, зборовите"Центарот за справување со кризи„ се заменуваат со зборовите "Центарот за управување со кризи";

**-Точка 2.4 се менува и гласи:**

Центар за управување со кризи

Центарот за управување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на службата преку благовремено информирање.

Во случај на природни непогоди и епидемии од поголеми размери на подрачјето на Општина Кавадарци во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организационата поставеност на Зимската служба, Центарот за управување со кризи превзема активности за информирање на субјектите кои

имаат законска надлежност да се ангажираат во справувањето со настанатите ризици и опасности и дава предлози за управување со кризна состојба и изработува Процена на загрозеност на подрачјето на општините Кавадарци и Росоман од сите ризици и опасности, е во постојана комуникација, координација и соработка со субјектите на системот за управување со кризи на локално и регионално ниво и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците,,.

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6481/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци,**
**плански период 2019-2029 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-6650/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002) а во врска со член 20 став 3 точка 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година.

Документацијата за донесување на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14....168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15...86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ” бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, е со вкупна површина од 24,15 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графичким приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година.

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-3083/5 од 21.10.2021 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 19802 .

**Член 6**

Општина Кавадарци - Урбанистички план за село Мрежичко, КО Мрежичко, Општина Кавадарци, плански период 2019-2029 година, ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 6481/33**
**15.11.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002) а во врска со член 20 став 3 точка 2 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025).

Документацијата за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025), е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14....168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15...86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ" бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци ј(2020-2025), е со вкупна површина од 3,22 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графичким приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025).

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-6010/4 од 05.11.2021 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025), истиот станува составен дел на

електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 28424.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален урбанистички план за УЕ 12 дел од Блок 12.1„Ла Луна„ КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци (2020-2025), ќе го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6481/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-6650/35**
**17.11.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ"бр.23/11......бр.190/17 и „Службен весник на РСМ" 174/2021), член 132 став 1 од Статутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-62од 28.02.2018год. на барателот Гоце Недев од Кавадарци со стан на ул„Пелагонија,,бр.7,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Останати објекти од лесна и незагадувачка индустрија,зграда бр.01,02 изграден во мв„Прогонот,,на КП бр.535КО Глишиќ.
2. Барање бр.15-40 од 22.12.2015год. на барателот Андреас Недев од Неготино,стан на ул„Енгелсова,,бр.3,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1изграден во мв„Село,, на КП бр.345/9КО Бошава.

3. Барање бр.15-616 од 01.03.2016год. на барателот Слободан Лазаров од Кавадарци со стан на ул„Јован Планински „бр.2, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Лисички„ на КП бр.614/2КО Ресава.
4. Барање бр.15-440 од 24.09.2018год. на барателот Најдо Стојаноски од Кавадарци со стан на ул„Црноречка „бб, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Белите Камења„ на КП бр.7241КО Кавадарци вон.
5. Барање бр.14-7203од 03.09.2011год. на барателот ЈП Комуналец од Кавадарци со седиште на ул„Индустриска „ бб, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Придружни услужни објектина патишта, зграда бр.1 изграден во мв„Раечка река„ на КП бр.3323КО Дреново.
6. Барање бр.15-666 од 25.12.2018год. на барателот Златко Бошков од Кавадарци со стан на ул„Боро Ваташки „бр.6, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.2 изграден во мв„Брдарови ораи„ на КП бр.3336/1 КО Ваташа .
7. Барање бр.15-286 од 13.01.2016год. на барателот Димо Ризов од Кавадарци, со стан на ул„Боро Ваташки „бр.6, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Глувчовец„ на КП бр.7734/1 КО КО Кавадарци вон.
8. Барање бр.15-50 од 22.12.2015год. на барателот Киро Крстев од Кавадарци со стан на бул„Цветан Димов„ бр.22/1-8, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Други објекти од лсна и незагадувачка индустрија , зграда бр.1изграден во мв„Крстот„ на КП бр.3529/5 КОКавадарци 1 вон.
9. Барање бр.15-726од 17.12.2018год. на барателот Верица Ристовска од Кавадарци со стан на ул„Орце Николов „бр.112, за утврдување на правен статус –
   - Други објекти од лесна и незагадувачка индустрија , зграда бр.1 изграден во село Марена, на КП бр.2655/1 КО Марена.

10. Барање бр.15-782 од 14.03.2016год. на барателот Марјанчо Лазов од Кавадарци со стан на бул„Македонија „ бр.17/1-8 , за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Амкова ливада„ на КП бр.348/2и КП бр.348/3 КО Бојанчиште.
11. Барање бр.15-692 од 26.12.2018год. на барателот Трајче Ангелковски од Кавадарци со стан на ул„Цано поп Ристов „бр.53 за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 и 3 , изграден во мв„Дгата нива„ на КП бр.141 и КП бр.158/1КО Клиново.
12. Барање бр.15-660од 24.12.2018год. на барателот Борка Андонова од с.Сопот со стан на ул„Илинденска „бр.16, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Брескот„ на КП бр.38 КО Горниково.
13. Барање бр.15-432од 01.10.2018год. на барателот Ајше Мемедова од Кавадарци со стан на ул„Диме Чекоров „бр.44А, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Станбен простор, зграда бр.3 изграден во мв„Полана„ на КП бр.1254КО Ваташа.
14. Барање бр.15-266од 28.06.2018год. на барателот Кире Манев од Кавадарци, со стан на ул„Гоце Делчев „бр.69/3/5 за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Бунарче„ на КП бр.7937/2КО Кавадарци 1 вон.
15. Барање бр.15-1006 од 24.03.2016год. на барателот Виктор Трајков од Кавадарци со стан на ул„Орце Николов „бр.94, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Село„ на КП бр.1330 КО Рожден.
16. Барање бр.14-4779 од 29.08.2011год. на барателот Зора Велковска од Скопје со стан на бул„Јане Сандански „бр.5-1/7 за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа и помошен простор , зграда бр.1 и 2 изграден во мв„Кртозов рид„ на КП бр.1831Дреново,

17. Барање бр.15-433од 01.10.2018год. на барателот Лидија Лозановска Мемедова од Кавадарци со стан на ул„Диме Чекоров „бр.44 А, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Станбен простор, зграда бр.1 во мв„Полана„ на КП бр.1254 КО Ваташа.
18. Барање бр.15-781 од 14.03.2016 год. на барателот Орданчо Стојанов од Кавадарци со стан на ул„Пане Џунов„бр.26, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Амкова ливада„ на КП бр.348/3 и КП бр.348/2КО Конопиште.
19. Барање бр.15-128 од 20.04.2018год. на барателот Благој Данев од Кавадарци со стан на ул„Народна Младина „бр.6, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Станбен и помошен простор, зграда бр.1 и зграда 2, изграден во мв„Долна лака с.Мерена„ на КП бр.842/1 КО Марена.
20. Барање бр.15-797од 14.03.2016год. на барателот Никола Плачков од Ваташа, со стан на ул„Данко Дафков„ бр.22 Ваташа, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Кременица„ на КП бр.3674 КО Ваташа.
21. Барање бр.15-556 од 04.12.2018год. на барателот Александар Димовски од Скопје, со стан на ул„Загребска„ бр.2 , за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„ Село„ на КП бр.146/1КО Шешково.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08- 6481/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17 и 174/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправно изградените објекти кои треба да се вклопат во поединачни зони со намената на земјиштето и општиот режим на градење, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1.Барање бр.15-693од 26.12.2018год. на барателот Сали Амков од с.Ваташа со стан на ул„Перо Видев„бр.23 за утврдување на правен статус на бесправен објект,
- станбен и помошен простор -зграда бр.1, изграден на ул„Перо Видев„на КП бр. 4550/1 КО Ваташа.
2.Барање бр.15-31 од 22.12.2015год. на барателот Ѓула Синанова од Кавадарци,со стан на ул„Перо Видев„бр.5, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
- станбен простор, зграда бр. 1, во мв„Шаркова чука„ на КП бр.1226/2 КО Ваташа.
3. Барање бр.15-507од 14.11.2018год. на барателот Илија Костов од с.Ваташа со стан на ул„Фуштани„бр.28 за утврдување на правен статус на бесправен објект,
- помошен простор - зграда бр.1, изграден на ул„Перо Видев„ на КП бр. 1718 и КП бр.1717/2 КО Ваташа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6481/36** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** | **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 60 став 1 точка 1, член 143 став 1 алинеја 2 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.26/2004, ....83/2018) член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21“)

Советот на Општина Кавадарци на 2-та седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Елаборатот за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година**

1. Советот на Општина Кавадарци го усвои Елаборатот со арх.бр.09-5338/1069 од 05.11.2021 година, за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година.

2. Се задолжува општинската администрација, Елаборатот за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година, со целокупната документација да го достави до Владата на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, на понатамошно постапување и одлучување.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 6481/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

Бр.09-6650/38
17.11.2021 година
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот на локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на Втората седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2021 година

### Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2021 година бр.08-6496/30 од 16.12.2020 година („ Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/21), се врши следното изменување и дополнување :

„ **Во глава IV Финансирање - Буџет**

**- Во точка А Културни манифестации**

Ставките со реден број 1, 2 , 3 СЕ БРИШАТ;

Во вкупно износот од 6.600.000 денари се заменува со износ од 1.702.151,18 денари со вклучен ддв.

**- Во точка** Б Оперативни трошоци за културните манифестации,

Точка 1 , точка 2, точка 4, точка 9, точка 10 СЕ БРИШАТ.

После точка 10 се додаваат, нови точки 11 и 12:

11. Набавка на часовници или алки -награда за дежурни лица за Нова година-140.000 денари со ддв.
12. Набавка на телевизори по повод празникот Водици-30.000 денари со ддв.

Во вкупно износот од 3.000.000 денари се заменува со износ од 1.450.000 денари„ .

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 6481/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучокот за усвојување на Програмата за Нова година**
**„ Среќна Нова 2022-ра",**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Програмата за Нова година „ Среќна Нова 2022-ра", поднесена од страна на организаторот Иновативa Груп ДОО Скопје, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 15.11.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-6650/39** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.11.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр. 8/05....... 75/21), расправајќи по Програмата за Нова година „ Среќна Нова 2022-ра"

Советот на Општина Кавадарци на Втората седница одржана на ден 15.11.2021 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за Нова година**
**„ Среќна Нова 2022-ра“, поднесена од страна на организаторот**
**Иновативa Груп ДОО Скопје**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за Нова година „ Среќна Нова 2022-ра“ со арх.бр.08-6539/1 од 11.11.2021 година, поднесена од страна на организаторот Иновативa Груп ДОО Скопје.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6481/39** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**15.11.2021 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ
Примено: 11.11.2021
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
08 | 6538/1 | |

# ПРОГРАМА

Нова година

***„Среќна нова 2022-ра"***

## ВОВЕД

Општина Кавадарци овојпат сака да прикаже поинаков изглед и прослава на Новата, 2022-ра година.

Се планира повеќе денови/недели Новогодишно-празничен базар со помали настани како и дочек со главен настан, спектакуларен огномет и прослава на Градскиот плоштад во Кавадарци.

Компанијата **ИНОВАТИВА ГРУП ДОО** во соработка со локалните културни институции и Општина Кавадарци планираат да реализираат содржински настани со различни тематики.

За декоративното уредување на Градскиот плоштад, покрај украсувањето, ќе се изврши поставување и на монтажни куќарки на кои ќе се претставуваат најразлични творби во духот на празничниот период.

## ИДЕЈА

Сакаме да им понудиме на Кавадарчани една поинаква, празнична приказна која ќе се памети, а вечерта на 31-ви заедно сплотени да ја испратат старата, со желби, љубов и верба да ја дочекаат новата година.

Локација- Градскиот плоштад.

## СОДРЖИНА

Во содржината на програмата ќе бидат застапени: Културно-уметничка програма и тоа:

1. Главен, централен настап на музички ѕвезди,
2. Повеќе, мали настани од различен карактер за сите возрасти,
3. Програма со настап на локални популарни бендови и традиционални, фолклорни групи,
4. Претставување на пијалаци и храна,
5. Спектакуларен дочек со огномет.

Целиот дочек се планира да се снима и монтира, а видеото да се пренесе на локални медиуми.

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА И ДЕТАЛИ**

1. **За време целата програма ќе има поставено 8 + 2 Куќарки кои ќе функционираат** од 10:00h – 15:00h и од 18:00h – 22:00h/00:00h преку недела/за време викенд. Истите ќе бидат отворени од 13.12.2021 до 09.01.2022. *Монтажа на 12.12.2021, демонтажа на 10.01.2022.
2. **Ќе се постави ново украсување** на Плоштадот, ул.Илинденска, ќе се накити Општинската зграда и ќе се постави нова Елка.
3. **Во продолжение е Програмата во детали:**

**Од 13.12 до 24.12 куќарките се со работа во 2 смени и тоа од 10:00ч. до 15:00ч. и 18:00ч. до 22:00ч./00:00ч. преку недела/за време викенд со музика на разглас и без програма*

## Сабота 25.12.2021

10:00ч. до 12:00ч. Музика на разглас
12:00ч. **Водител, Обраќање на Градоначалник и најава на Хуманитарен Дедо мраз**
12:30ч. до 13:00ч. **Детски хор** во исполнување на новогодишни и божиќни песни
13:00ч. до 15:00ч. Музика на разглас
20:00ч. до 22:00ч. Музика на разглас

## Недела 26.12.2021

10:00ч. до 12:00ч. Музика на разглас
12:00ч. до 13:00ч. **Венус Балетско студио**
13:00ч. до 15:00ч. Музика на разглас
18:00ч. до 19:00ч. Музика на разглас
19:30ч. до 20:30ч. **Скечеви со Диме и Видан**
20:30ч. до 22:00ч. Музика на разглас

## Понеделник 27.12.2021

10:00ч. до 15:00ч. Музика на разглас
18:00ч. до 20:00ч. **Презентација на Кавадаречки маџун**
20:00ч. до 22:00ч. Музика на разглас

**Вторник 28.12.2021**

10:00ч. до 12:00ч. **Доделување на Новогодишни пакетчиња**
12:00ч. до 15:00ч. Музика на разглас
18:00ч. до 20:00ч. **Презентација на Кавадаречки маџун**
20:00ч. до 22:00ч. Музика на разглас

**Среда 29.12.2021**

10:00ч. до 12:00ч. **Доделување на Новогодишни пакетчиња**
12:00ч. до 15:00ч. **Работилница за изработка на новогодишни украси за деца и родители**
18:00ч. до 19:30ч. Музика на разглас
19:30ч. до 20:30ч. **Настап на фолклорен ансамбал Тиквеш**
20:30ч. до 22:00ч. Музика на разглас

**Четврток 30.12.2021**

10:00ч. до 12:00ч. Музика на разглас
12:00ч. до 13:00ч. **Венус Балетско студио**
13:00ч. до 15:00ч. Музика на разглас
18:00ч. до 19:30ч. **Детска изложбена работилница**
19:30ч. до 22:00ч. Музика на разглас

**Петок 31.12.2021**

10:00ч. до 12:00ч. Музика на разглас
12:00ч. до 13:00ч. **Пристигнување на Дедо мраз**, сликање со него и објава колку подароци се собрани во хуманитарниот поклон
13:00ч. до 14:00ч. **Детски хор**
18:00ч. до 20:00ч. Музика на разглас
20:00ч. до 21:30ч. **Локален Бенд**
21:45ч. до 23:45ч. **Локален DJ** и од 00:15ч. до 03:00ч.
23:45ч. / 00:00ч. **Обраќање на Градоначалник, одбројување и Спектакуларен огномет**

**Од 01.01 до 09.01 куќарките се со работа во 2 смени и тоа од 10:00ч. до 15:00ч. и 18:00ч. до 22:00ч./00:00ч. преку недела/за време викенд со музика на разглас и без програма*

Остануваме со почит кон Вас Кавадарчани,

**Тимот на ИНОВАТИВА ГРУП**

Друштво за маркетинг услуги ИНОВАТИВА ГРУП ДОО Скопје

**INOVATIVA**
advertising & entertainment

**Финансиски извештај**

**Проект:** Општина Кавадарци-Нова година 2022
**Датум:** декември 2021/јануари 2022
**Валута:** DEN/EUR

| Бр. | Опис | Количина | Единечна цена | За наплата | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Новогодишно украсување на градот | 1 | 800000 | 800.000 ден. | 13 008 € |
| 2 | Изнајмување на 8 куќарки + 2 за 4 недели | 1 | 400000 | 400.000 ден. | [illegible] |
| 3 | Водител, 25.12.2021 | 1 | 3333 | 3.333 ден. | 54 € |
| 4 | Репарација на место/подарок за Хуманитарен Дедо мраз(место каде ќе се поставуваат подароците), 25.12 | 1 | 6667 | 6.667 ден. | 108 € |
| 5 | Детски хор, 25.12.2021 | 1 | 10000 | 10.000 ден. | 163 € |
